Врз основа на член 146 став (4) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, бр. 96/19), министерот за економија на донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НИВОТО И НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТКА
# НА ОПЕРАТИВНИТЕ РЕЗЕРВИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

### Член 1

Со овој правилник поблиско се пропишува нивото и начинот на пресметка на оперативните резерви кои трговецот на големо на нафтени деривати треба да ги поседува.

### Дефиниција

### Член 2

Оперативни резерви на нафтени деривати се количините на нафтени деривати кои трговецот на големо ги обезбедува со цел да се обезбеди сигурност во снабдувањето во случај на краткорочни прекини во снабдувањето на пазарот со нафтени деривати во Република Северна Македонија;

### Ниво на нафтени деривати

### Член 3

(1) Трговецот на големо со гориво во секое време има оперативни резерви од нафтени деривати и горива за транспорт за покривање на петдневен просечен обем на трговија.

(2) Обврската за чување на оперативни резерви се однесува за трговците на големо за: моторен бензин, дизел гориво, нафта за ложење, мазут и ТНГ.

(3) Оперативните резерви се чуваат исклучиво во резервоари кои се наоѓаат на територијата на Република Северна Македонија.

(4) Во случај на потешкотии во снабдувањето и одредени технички проблеми, Владата, на барање на Министерството, со одлука може да дозволи користење на оперативните резерви од став (1) на овој член.

### Начинот на пресметка на оперативните резерви

### Член 4

Начинот на пресметка на оперативните резерви се врши според следната формула:

$$\text{ОР }[t] = \frac{\text{продадени количини}[t]}{\text{број на денови [дена]}} * 5 \text{ [дена]}$$

DRAFT

каде:.

ОР – оперативни резерви од нафтени деривати и горива за транспорт;

продадени количини – остварен обем на трговија на нафтени деривати и горива за транспорт во претходниот календарски месец;

број на денови – број на денови во претходниот календарски месец;

Бр.
xx xx 2019 година
Скопје

Министер,
**Крешник Бектеши,**
с.р.

DRAFT